**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

## за I година

**Гимназиско образование**

**Скопје, 2025 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Музичка уметност*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Теми/подрачја воннаставната програма** | • ***Музичката уметност низ времето***<br>• ***Музичка теорија преку практика***<br>• ***Музичка изведба и креативен израз***<br>• ***Музичко културно наследство*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно/36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Специјализирана училница (кабинет), која освен со стандардните средства и помагала е опремена и со:<br>• клавир/пијанино/електрично пијано и разновидни инструменти за бендови и оркестри;<br>• печатени материјали (нотни записи, прирачници, списанија, весници, книги, енциклопедии и друга литература);<br>• дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации);<br>• уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ТВ приемник, компјутер со пристап до интернет и апликација за пишување ноти, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла, ЦД и ДВД-уред, хај-фај уред);<br>• аудио и видеозаписи на звучни носачи кои може да се репродуцираат на достапните уреди;<br>• едукативни дигитални материјали;<br>• интерактивна табла. |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Музичка уметност во I година гимназиско образование може да ја изведува лице со завршени:<br>• студии по музичка уметност, наставна насока/музичка теорија и педагогија, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• студии по музичка уметност, друга ненаставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Тема 1: ***МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ НИЗ ВРЕМЕТО***<br>Вкупно часови: 15 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. ги разликува музичките епохи, ги опишува нивните основни карактеристики и наведува истакнати композитори кои припаѓаат на музичките периоди;<br>2. ги разликува и категоризира музичките инструменти и ансамбли во делата што ги слуша;<br>3. ја поврзува улогата на композиторите, изведувачите и слушателите во процесот на создавање, изведување и прифаќање на музичката уметност низ историјата;<br>4. објаснува за музичките изразни средства, полифонијата и дур-мол системот во делата што ги слуша;<br>5. ги препознава музичките форми согласно музичките епохи и ја објаснува нивната поврзаност со карактерот на слушаните дела, користејќи соодветна музичка терминологија. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| • **Значењето на музиката за човекот и општеството** (музика, музички изразни средства, музички вкус, | • Ја објаснува важноста на музиката за човекот и наведува примери за нејзината поврзаност со другите уметности и науки. |

| | |
|---|---|
| музички жанрови, музичка култура) | • Го објаснува значењето и влијанието на музиката кај човекот и општеството.<br>• Ги анализира музичките жанрови преку употреба на музички поими и музички изразни средства. |
| • **Музиката во првобитната заедница и стариот век**<br>(синкретизам, знаци за запишување музика, тонски низи, тетракорд, питагорејска школа, интервал и пропорции, старогрчка трагедија) | • Опишува како настанала музиката.<br>• Наведува примери за пројавувања на синкретизмот во обредите на првобитните заедници.<br>• Го опишува статусот на музичарите во старите цивилизации.<br>• Наведува карактеристики на знаците за запишување музика, тонските низи и тетракордите во стариот век.<br>• Ги наведува идеите за музиката на питагорејската школа.<br>• Ја опишува застапеноста на хорот во старогрчката трагедија. |
| • **Музиката во Средниот век и ренесансата**<br>(духовна музика: грегоријански корал, миса, повеќегласие, органум, нотација, Гвидо Аретински, солмизација, источно пеење, Јован Кукузел; световна музика: трубадури; вокална полифонија, мотет, мадригал, балада, канцонета, павана и гаљарда, Палестрина, Орландо ди Ласо; музички инструменти) | • Препознава музика од Средниот век и ренесансата според застапеноста на карактеристичните инструменти и музичките форми.<br>• Прави разлика меѓу духовната и световната музика и нивните форми.<br>• Ја опишува појавата на солмизацијата.<br>• Прави врска меѓу ренесансата во музиката и другите уметности.<br>• Ги наведува особеностите на повеќегласјето и музичките форми во ренесансата. |
| • **Музички барок**<br>(инструментална полифонија, моторика, дур-мол систем, хармонија, акорд, барокни музички инструменти, инструментални форми: суита, кончерто гросо, концерт, прелудиум, фуга; вокално-инструментални форми: опера, арија, речитатив, ораториум, кантата, пасија, корал; Фирентинска камерата, први опери; Клаудио Монтеверди, Јохан Себастијан Бах, Георг Фридрих Хендл, Антонио Вивалди) | • Препознава барокна музика според застапеноста на карактеристичните инструменти и музичките форми.<br>• Објаснува како настанала операта.<br>• Ги наведува карактеристиките на дур-мол системот, инструменталната полифонија и музичките форми во барокот.<br>• Разликува вокални, инструментални и вокално-инструментални композиции од барокните мајстори. |
| • **Насочено слушање**<br>(композитор, дело, изведувач, изведувачки состав, | • Препознава автор, наслов и изведувачки состав на слушаната композиција. |

| | |
|---|---|
| изразни средства) | • Ги наведува музичките изразни средства во слушаната композиција.<br>• Ја анализира изведбата на композицијата и вреднува различни изведби врз основа на видот и бројноста на инструментите, темпото, динамички нијансирања, техничката подготвеност и изразноста воопшто.<br>• Креира листа на музички примери кои се однесуваат на музичката уметност низ времето. |

**Препорачани композиции:*
Ласо – *Matona mia cara*
Ласо – *Eccho*
Палестрина - *Kyrie од Missa Papae Marcelli*
Монтеверди – *Мадригали* по избор
Хендл – *арија Lascia ch'io pianga* од операта *„Риналдо“*
Хендл – *Музика на вода* (фрагменти по избор)
Хендл – *Алелуја од ораториумот „Месија“*
Бах – *Бадинерија*
Бах – *Прелудиум и фуга во це-мол*
Бах – *Бранденбуршки концерт бр. 3* (фрагменти по избор)
Бах – Арија *Erbarme dich* од *Matthäuspassion/„Пасија по Матеј“*
Вивалди – *Годишни времиња* (по избор)
Примери од западно и источно црковно пеење, средновековни и ренесансни танци и инструментални дела по избор.

** Наставникот е слободен да направи сопствен избор на композициите за слушање.*

**Примери за активности:**

- **Индивидуална активност**: Секој ученик самостојно пишува есеј во кој се споредуваат карактеристиките на музиката во историските периоди што се изучуваат. Учениците ги презентираат своите есеи пред сите.
- **Дискусија**: Учениците прво слушаат музички дела од наведените историски периоди, а потоа, преку дискусија што ја води наставникот и во која учествуваат сите, ги споредуваат слушнатите дела преку одговарање на прашања во врска со констатираните разлики и сличности.
- **Истражувачка активност**: Учениците, поделени во мали групи/парови, истражуваат на тема „Знаци за запишување на музиката во старите цивилизации“ и подготвуваат презентација. Учениците ги претставуваат презентациите пред сите.
- **Квиз**: Со примена на апликација за креирање квизови, наставникот изработува квиз прашања со понудени одговори од кои само еден е точен во врска со карактеристиките на музиката во изучуваните историски периоди. Секој ученик самостојно, со употреба на компјутер/мобилен телефон, ги одговара во апликацијата прашањата од квизот. Како критериуми за успешност се земаат точен

одговор и време на решавање за секое од прашањата и врз основа на тоа учениците се рангираат по успех.

- **Естетска проценка:** Учениците ги опишуваат и споредуваат карактеристиките на слушаните дела од историските периоди што се изучуваат и нивните изведби и прават естетска проценка.

Тема 2: ***МУЗИЧКА ТЕОРИЈА ПРЕКУ ПРАКТИКА***

Вкупно часови: 7

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разликува, споредува и анализира карактеристики на звучни примери преку објаснување на изразните елементи (визуелно и аудитивно скали до еден предзнак со нивните елементи) и ги користи преку пеење/свирење на едногласни и двогласни песни и вежби со примена на нотен запис;
2. аудитивно разликува и применува рамноделни и нерамноделни тактови во придружба на познати музички примери со различен ритам и музички метар (2/4, 3/4, 4/4, 5/8, 7/8, 9/8);
3. користи апликации за музичка нотација со примена на научените музички изразни елементи (клучеви, скали со сите елементи, интервали и видови тактови).

***Важна напомена:*** *Содржините од оваа тема е предвидено да се совладуваат на најосновно ниво, преку практични активности. Важно е учениците да се здобијат со основни сознанија  од музичката теорија, а исклучиво во служба на останатите теми од наставната програма за соодветната година на изучување.*

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Скали и интервали**<br>(тонски систем, октава, виолински клуч, бас клуч, повишувалка, снижувалка, разрешувалка, полустепен, цел степен, степен и пол, тетракорд, стапало, C-dur, a-moll, G-dur, e-moll, F-dur, d-moll, дурска скала, природен, хармонски и мелодиски вид на молската скала, паралелни скали; прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима, октава) | • Набројува дурски и молски скали до еден предзнак и го објаснува значењето на нивните составни елементи (полустепен, цел степен, степен и пол, стапало, тетракорд, повишувалка, снижувалка, разрешувалка).<br>• Ги набројува интервалите и го наведува соодветното растојание меѓу тоновите.<br>• Ги препознава интервалите визуелно во нотен запис.<br>• Креира дурски и молски скали следејќи ги чекорите за добивање паралелна молска скала.<br>• Употребува виолински и бас клуч при запишување и препознавање на тонови и скали.<br>• Препознава различни скали во едноставни музички примери. |

| | |
|---|---|
| | • Креира и изведува едноставни музички примери во виолински и бас клуч со употреба на различни интервали. |
| • **Ритам, метар и такт**<br>(нотни вредности, рамноделни тактови: дводелен, троделен и четириделен такт со двојна поделба на мерна единица; нерамноделни тактови: тактови со мерна единица осмина) | • Ја објаснува пирамидата на поделбата на нотните вредности.<br>• Прави разлика меѓу рамноделни и нерамноделни тактови.<br>• Тактира ритмички вежби со различни видови тактови и нотни вредности.<br>• Креира ритмички вежби со различни видови тактови и нотни вредности. |
| • **Апликации за пишување ноти** | • Применува ознаки за ноти во виолински и бас клуч во тоналитети до еден предзнак со различен музички метар во апликација за пишување ноти.<br>• Пишува ноти од мелодиски и хармонски интервали во апликација за музичка нотација.<br>• Создава кратки музички фрази во апликацијата за пишување ноти. |

**Примери за активности:**

- **Индивидуална и/или групна активност**: Учениците пеат едноставна мелодија по слух и по нотен запис, со и без придружба (може и самостојно и еден со друг).
- **Практична активност**: Учениците, самостојно или поделени во мали групи/парови, градат скали и интервали на клавијатура (синтисајзер или други клавишни инструменти кои се на располагање), а потоа свират по слух кратки музички фрази со интервали.
- **Квиз**: Со примена на апликација за креирање квизови, наставникот изработува квиз прашања со понудени одговори од кои само еден е точен во врска со изучените поими за скалите, интервалите и ритамот. Секој ученик самостојно, со употреба на компјутер/мобилен телефон, ги одговара во апликацијата прашањата од квизот. Како критериуми за успешност се земаат точен одговор и време на решавање за секое од прашањата и врз основа на тоа учениците се рангираат по успех
- **Натпревар:** Учениците, поделени во групи се натпреваруваат во запишување и изведување едноставни музички примери во различни тактови (метроритмичко варирање) и во различни скали (транспонирање) во петолиниски тетратки или со користење на апликации за пишување ноти.
- **Естетска проценка:** Учениците слушаат музички дела од различни жанрови и историски периоди, ги опишуваат опсегот и текот на мелодијата и ритмичките карактеристики, ги воочуваат полифоните и хармонските карактеристики на најосновно ниво и прават естетска проценка.

Тема 3: ***МУЗИЧКА ИЗВЕДБА И КРЕАТИВЕН ИЗРАЗ***
Вкупно часови: 7

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. пее/свири песни, вежби и примери од музички дела различни по жанр, карактер, содржина и ниво, соло или во група, едногласно и повеќегласно, по слух и по нотен запис;
2. пее/свири во соло, група и/или колективна вокална/инструментална изведба;
3. се изразува креативно преку изработка на кратки музички фрагменти, дигитални и други проекти со помош на ИКТ и ВИ.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Вокална интерпретација и свирење инструменти** (вокална интерпретација, соло, групна и колективна вокална/инструментална изведба, хор, оркестар, бенд, уметничка песна, поп песна, рок песна, народна песна) | • Демонстрира правилна техника на пеење/свирење при соло или групна изведба на песни/вежби различни по жанр, стил, карактер и содржина по слух и по нотен запис.<br>• Применува елементи на интерпретација и изразување при пеење/свирење песни/вежби различни по жанр, стил, карактер и содржина.<br>• Создава едноставна музичка придружба за песни/вежби со користење на интервали на клавијатура. |
| • **Синкретизам - музиката и другите уметности** (фрагмент, секвенца, кореографија, сценографија, драматизација) | • Конципира музички дел за претстави, драматизации и приредби преку селекција на музички фрагменти со помош на ИКТ и ВИ.<br>• Избира соодветни музички примери, на зададен драмски/филмски/документарен исечок со помош на ИКТ.<br>• Создава музичка игра (кореографија, сценографија, пеење, свирење, драматизација) на песни од различни жанрови. |

**Примери за активности:**

- **Индивидуална и/или групна активност:** Учениците пеат песни/свират музички примери различни по жанр, карактер и содржина, соло или групно, едногласно и повеќегласно.
- **Истражувачка активност**: Учениците, поделени во мали групи/парови, ги истражуваат културно-уметничките настани од синкретички карактер (музика, танц, драма, визуелна уметност, книжевност, ликовна уметност, видео, дигитални медиуми), во локалната средина. Потоа, секоја група/пар ги презентира резултатите од истражувањето и осмислуваат синкретички настан за кој постои интерес во локалната средина.
- **Креативна активност:** Учениците, поделени во групи, креираат кратки музички фрагменти со помош на ИКТ и ВИ и/или осмислуваат музичка игра (кореографија, пеење, свирење, драматизација) на песни од различни жанрови. Креациите ги презентираат пред соучениците.
- **Натпревар**: Учениците се натпреваруваат во вокални, инструментални и вокално-инструментални изведби, индивидуално, во хор,

| | |
|---|---|
| оркестар и бенд. Се истакнуваат најдобро рангираните според однапред утврдени критериуми.<br>- **Естетска проценка:** Учениците искажуваат аргументирано мислење за сопствената музичка изведба и синкретичните креации, како и за музичката изведба и синкретичните креации на другите ученици, врз основа на изучените изразни средства. | |
| Тема 4: ***МУЗИЧКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО***<br>Вкупно часови: 7 | |
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. ги категоризира песните, танците, ората и инструментите во народната традиција;<br>2. ги објаснува различните начини на пеење народни песни, изразните средства во народните ора и класификацијата на народните инструменти според изглед и звучност;<br>3. објаснува за важноста и начините на зачувување и одржување на културното/музичкото наследство;<br>4. пее/свири примери од песните, танците и ората од народната традиција, применувајќи ги нивните музички изразни елементи. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| • **Песната во македонската народна традиција и во традицијата на народите кои живеат во РС Македонија**<br>(традиционално пеење - грлено пеење; едногласие;<br>двогласие: бордунско/гласоечко/укано пеење; двогласие со горна терца или квинта;<br>трогласие;<br>орнаменти;<br>класификација: календарски песни и некалендарски песни/според намена - соборски песни, трпезни песни, ороводни песни) | • Препознава рустикално пеење.<br>• Го објаснува начинот на бордунско пеење наспроти пеењето во терца или квинта во пејачките групи.<br>• Разликува бордунско пеење од другите видови пеење во македонската народна традиција и традицијата на народите кои живеат во РС Македонија.<br>• Употребува бордунско двогласје при рустикално пеење.<br>• Идентификува различни манири (бордун, орнаменти, грлено пеење) при изведба на народните песни.<br>• Пее народни песни во соодветен манир според календарската и некалендарската поделба (обредни и соборски/трпезни/ороводни). |
| • **Танци и ора во народната традиција**<br>(фолклорна музика, танц, оро, потскок, чекори, вртење, фигури, инструментална придружба) | • Разликува традиционална народна музика од новосоздадена авторска народна музика преку поврзување на музички, текстуални, изведувачки и социјални карактеристики.<br>• Препознава и споредува македонски народни танци и ора, и танци и ора со потекло од другите народи кои живеат во нашата земја, според нивните |

| | |
|---|---|
| | карактеристики и изразни елементи.<br><br>• Го објаснува стилот на изведба во танците и ората (потскок, чекори, вртење, фигури) и составот на инструменталната придружба на народите кои живеат во нашата земја.<br>• Прави разлика меѓу различни видови танци и ора според формата, намената, местото и начинот на играње.<br>• Демонстрира чекори од танците и ората што се учат на часот. |
| • **Инструменти во народната традиција**<br>(поделба според изглед и звучност: жичани инструменти, дувачки инструменти, удирачки инструменти; поделба според потекло: селски/народни и градски/фабрички инструменти) | • Набројува групи народни инструменти.<br>• Препознава народни инструменти според изглед и звучност.<br>• Ги идентификува и анализира причините за застапеноста на народните инструменти во фолклорот од македонскиот народ и другите народи кои живеат во нашата земја  според нивните карактеристики и изразни елементи.<br><br>• Наведува примери на селски/народни и градски/фабрички инструменти и композиции во кои се застапени. |
| • **Заштита и одржување на народната музичка традиција**<br>(традиција, музичко наследство, конзервација, реконструкција, звучен архив) | • Објаснува за значењето и зачувувањето на традицијата и музичкото наследство.<br>• Ги наведува начините на заштита на народната музичка традиција.<br>• Опишува форми и начини на заштита и одржување на народната музичка традиција и ги објаснува нивните предности и недостатоци.<br>• Изработува визуелни и аудио материјали за народната музичка традиција со примена на ИКТ. |

**Препорачани аудиовизуелни пример за народни песни и игри:*
- **Гласоечко пеење** - Долни Полог - https://www.youtube.com/watch?v=UE19DePM4sc&ab_channel=UNESCO,
- **Сон солнила царица ми**, Трио Гавровци, https://www.youtube.com/watch?v=oKEDZ0VvT1k&ab_channel=dimnajuda
- **Традиционални песни**, Источна Македонија, Леле Недо, бела Недо, Велигденска песна, група „Гајда“, Ињево https://youtu.be/iJKiLN_JRdA?si=Az-9LH_qz6FyRPk-
- **Мори чупи Костурчанки**, соборска, геупа „Костурчанки“, Егејска Македонија - https://youtu.be/Tq8X0AkRADM?si=c4YPrTNPsblCzRA8
- **Копачка**, од село Драмче, Пијанец, - https://youtu.be/YbwSKmvMSjA?si=6f1CBQ77lH6LwaVJ

- **Шетнала се Јана** - https://youtu.be/faXNJNAwwYc?si=mtHMyDU8P9689BbY
**- Потрчулка, Пајдушката, Овче Поле** - https://youtu.be/_nGA54aH__s?si=Phaxsfuf--DJaB66
- **Невестинско** од Мала Река Мијаци - https://youtu.be/fdYWQawg_hg?si=xZeZuXFUwJg3Auzr
- **Тешкото**, Мала Река Мијаци - https://youtu.be/SpEjTRGJEdE?si=U-fnOsRPGvwPiyCx
- **Буките**, Егејска Македонија, Воденско - https://www.youtube.com/watch?si=9qHVrmcWcLPWnQqj&v=Vow9rVIbpwA&feature=youtube
- **Поседница**, Егејска Македонија - https://youtu.be/LPaWIaI5aPA?si=Md-QMAOKsOb7PGGT
- **Женско крстено**, Скопска Црна Гора - https://youtu.be/B1ddqKbbS8U?si=_w25xgje0ibkqAOg
- **Китуше Митушеоро, Ситна Лиса Скопска Црна Гора, Потрчано оро, Скопска Блатија** https://youtu.be/QFSMVtb0w3k?si=FCCPvfRiwAfC8tek
- **Баба Ѓурѓа, оро Скопска Блатија** - https://youtu.be/m01TnJAm3VQ?si=vl99b_4ZveeALVVb
- **Српски и босански песни и игри** https://youtu.be/GzcHf9hGmZI?si=nnCvcx7ouBiO0SZe
- **„Коло" игри од Србија** https://youtu.be/2lIDM1V5fh0?si=ZfcxIH3pAgiznSkz
- **„Романо оро"/„Ромско оро"** - https://youtu.be/jChCTnFIaCk
- **„Yeni Yol"/„Нов пат"** - https://youtu.be/SgtDu7_zFKM?si=zGAIWp5_8xwjHbPM
- **Vallja e Shotës/Шота оро** - https://youtu.be/ZgHtqlNRho8?si=TLfdaahwcrd5LPNE
- **„Hasan Aga"/„Хасан ага"** - https://youtu.be/FYSi7VUsRps?si=7U_pGGO2gP9nE4V6
- **Влашки игри** https://www.youtube.com/watch?v=MUH0zMxrhZs

**Препорачани композиции за народни жичани инструменти, дувачки инструменти, удирачки инструменти:*

**„Тамбура"** (тамбура) https://www.youtube.com/watch?v=Xrb61C_SDDA
**„Тешкото оро",** исполнува „Танец" (зурли и тапани) https://www.youtube.com/watch?v=53rP5gH1YVM
**„Три години стана"**, исполнува „Чалгии Мерак" (канон и ут) https://www.youtube.com/watch?v=zvlkSCQtUXw
**„Марие млада невесто"**, исполнува „Чалгии Мерак" https://www.youtube.com/watch?v=trz_zFb5VN4
**„Старо чалгиско оро"**, исполнува „Чалгии Мерак" https://www.youtube.com/watch?v=UncbrHqiy3E
**„Трен"** – исполнува Бора Дугић (фрула) https://www.youtube.com/watch?v=lOj1rmX6nDk
**Српски народни инструменти** https://www.youtube.com/watch?v=JYKLSdvp6ag
**„Darbuka performans"/„**Соло перформанс",исполнува Burhan Öcal/Бурхан Оџал (дарбука) https://www.youtube.com/watch?v=6z1wE1rFL-s
**„Melodi Instrumentale"**/„Инструментална мелодија"- Qifteli, Sharki, Kavall, Fyell, Def/чифтелија, шаркија, кавал, фрула и деф (дајре) https://www.youtube.com/watch?v=yDjSD6j_Mjo

**Препорачани композиции за застапеноста на фолклорот во други жанрови и стилови:*

-**„Јовано, Јованке"** исполнува В. Стефановски https://www.youtube.com/watch?v=WU4svQMyhKMw
-**„Градел Илија манастир"** исполнуваат браќата Тавитјан и С. Четковиќ https://www.youtube.com/watch?v=sCO6NrDMuwY
-**„Ја излези Ѓурѓо"** - Next Time https://www.youtube.com/watch?v=12pu3mmZD_A
-**„Учи ме мајко карај ме"** исполнува „Леб и сол" https://www.youtube.com/watch?v=82XqgaktIjs
-**„Ој девојче"** исполнуваат Т. Проески и група Синтезис https://www.youtube.com/watch?v=z6yAnPOjnGc
-**„Ballkaneze"** – E. Zari/**„Балкански"** – Е. Зари https://www.youtube.com/watch?v=v7U4I_szuH8
**-„Moliendo Cafe"** – Fanfare Ciocarlia https://www.youtube.com/watch?v=QiHmiZQNgL4&list=PL_uMzflQWShj3Wy6ie9fqk3dYiSGPTjpv&index=4
**- „Заспо Јанко"** исполнува М. Џачиќ https://youtu.be/hCibgrsZeBI

- **„Mesečina“** исполнува„TRAG“ https://www.youtube.com/watch?v=XoMGYa_vRhs
-„ **Kafu mi draga ispeci**“, Amira Medunjanin i Ante Gelo uz gudački kvartet Libra https://youtu.be/0HU1x3Qfgys
-„**Ma fakut muma frumose**“ исполнува Б. Крстиќ https://youtu.be/PG0WW4nLfi4
- ,,**Gesi Bağlarında Dolanıyorum’’**/,,Шетајќи низ лозјата во Геси’’, исполнува Burçin/Бурчин https://www.youtube.com/watch?v=-FKfIViS6AA

**Примери за активности:**

- **Индивидуална активност**: : Секој ученик самостојно пишува есеј за карактеристиките на народните песни, танци и ора и народните музички инструменти во својата музичка традиција и обединувачките елементи со музичките традиции од различните етнички заедници од РС Македонија. Есеите ги презентираат пред соучениците.
- **Дискусија**: Учениците истражуваат на интернет за музичкото културно наследство во нашата земја, а потоа, развиваат дискусија за важноста и начините на зачувување на музичкото културно наследство што ја води наставникот и во која учествуваат сите. На крајот извлекуваат заклучок.
- **Истражувачка активност**: Учениците, поделени во мали групи, низ различните дигитални архиви за зачувување и одржување на културното/музичкото наследство ги истражуваат народните песни/танци и ора/народните музички инструменти од локалната музичка традиција и во регионот . Ги споредуваат нивните карактеристики и ги констатираат нивните разлики и сличности. Како резултат на истражувањето изготвуваат видео и аудио материјали со примена на ИКТ и ВИ и ги презентираат пред соучениците.
- **Натпревар**: Учениците се натпреваруваат во изведби на народни песни, танци и ора и инструментална изведба, според индивидуалните можности на учениците. Се истакнуваат најдобрите изведби според однапред утврдени критериуми.
- **Естетска проценка:** Учениците слушаат композиции од различни жанрови во кои е присутна народната музичка традиција (обработка, хармонизација, содржина, инструменти и сл.). Потоа ги проценуваат видовите и начините на користење на народната музичка традиција во другите жанрови.

***Препорака:*** *Заради поврзување и трајно меморирање на теоретските знаења и слушаните дела од основно образование со средно образование, се препорачува Прилог - Листата со избор композиции за слушање музика, наменета за третиод образовен период од основното образование, да се користи како ресурс и во првата година на изучување Музичка уметност во гимназиско образование.*

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за

оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици,
- учеството и успешноста при реализацијата на вокалната интерпретација и свирењето инструменти (правилна примена на изведувачката техника и знаењата од музичката теорија при солистичко, групно или колективно музицирање),
- учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика, за креативен музички израз и во натпреварите и музичките приредби,
- истражувачките активности при кои ученикот врши набљудување, собирање податоци, претставување резултати (со табели, дијаграми) и нивно презентирање,

- изработките (илустрации, презентации, шематски прикази, проекти, аудио и видеоснимки, нотни записи и сл.),
- писмените извештаи со податоци од спроведени истражувања и
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Музичка уметност* за I (прва) година гимназиско образование.** | бр.13-5306/3<br>3.4.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска,с.р.<br><br>___________________________ |